Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 04-1383/2
17-05-2023 20 год.-vit
Скопје-Shkup

17/05
10-

Врз основа не член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2014, 14/2020 и 215/2021, а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и налчинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависнот од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015, 25/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.303/2021), Министерството за локална самоуправа објавува

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup
Примено: / Pranuar: 17-05-2023
Орг. Един. / Nj. Org.: 10 | Број / Numër: 1043/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë:
Архивски знак: / Shenja e arkivit:
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: ______ год.
______20____ година
Потпис

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2023**

за унапредување на 1 (еден) административен службеник, од подгрупата државни службеници во Министерството за локална самоуправа

Интерниот оглас се објавува за унапредување на 1 (еден) административен службеник, од подгрупата државни службеници во Министерството за локална самоуправа со пополнување на следното работно место:

1. **УПР 01 01 В01 000 –Советник за унапредување на локалната самоуправа– 1 (еден) извршител**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- **стручни квалификации:** ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Општествени науки

- **работно искуство:** најмалку три години работно искуство во струката;

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг, учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа, стратешка свест, ориентираност кон странките/ засегнати страни, раководење и финансиско управување, на напредно ниво

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- **Работни денови:** од понеделник до петок


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

- **Почеток на дневно работно време:** од 07:30 до 08:30
- **Завршеток на дневно работно време:** од 15:30 до 16:30
- **Неделно работно време:** 40 часа

**Плата во нето износ:** 28.756,00 денари

На интерниот оглас може да се пријават административни службеници вработени во Министерството за локална самоуправа, кои ги исполнуваат посебните услови за пополнување на работно место утврдени во огласот, општите услови пропишани со Законот за административни службеници, како и :

- да е оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување
- да е на работно место непосредно пониско или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен огласот
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Кандидатите за унапредување треба да поднесат пополнета пријава за унапредување преку архивата на Министерството за локална самоуправа до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси: info@mls.gov.mk

Кандидатите кон пријавата може да ги приложи и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Рокот за поднесување на пријавите трае 5 (пет) дена сметано од денот на објавување на интерниот оглас на веб страната на Министерството за локална самоуправа и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата за унапредување или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**Државен секретар**

**Кирил Парталов**


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**До**
**Одделение за управување со човечки ресурси**

**ПРИЈАВА**
**за унапредување на административни службеници, во подгрупа државни службеници преку**
**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

1. **Податоци за огласот:**
- Број на интерен оглас ______________________________
- Назив на работното место за кое се пријавува ______________________________

2. **Лични податоци**
- Име и презиме ______________________________
- Тековно работно место ______________________________
  - во Одделение ______________________________
  - во Сектор ______________________________
  - контакт телефон ______________________________

3. **Податоци за исполнување на посебните услови:**
- Степен на образование или стекнати кредити ______________________________
- Вид на образование ______________________________
- Образовна институција ______________________________
- Насока ______________________________
- Податоци за работно искуство ______________________________

4. **Податоци за оценување за последните три години пред објавување на интерниот оглас**
- за ______________ година, оцена ______________
- за ______________ година, оцена ______________
- за ______________ година, оцена ______________

5. **Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас**
______________________________

6. **Податоци за нивото и звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас**
______________________________

7. **Дополнително ги доставувам следниве докази/потврди** (потврди за успешно реализирани обуки/ потврди за успешно реализирано менторство)
______________________________

**Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргиналот.**

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка

**Подносител на пријавата**

______________________________


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk